**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-7181/1**

# З А П И С Н И К

**Од 202.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 18.11.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси МРТ, Снежана Јовановска-Одделение за човечки ресурси МРТ и Наталија Пејовска-Одделение за правни работи МРТ. |

**202.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 14.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 201.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Правилник за условите,начинот и критериумите за остварување на правото на месечен надоместок на вработените во ЈРП МРТ кои имаат деца со телесна и психичка попреченост.

3. Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ.

4. Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.

5. Информација за исплата на регрес за годишен одмор.

6. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 201.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 201.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 201.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 201.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Правилник за условите,начинот и критериумите за остварување на правото на месечен надоместок на вработените во ЈРП МРТ кои имаат деца со телесна и психичка попреченост.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Наталија Пејовска од Одделението за правни работи во МРТ која појасни дека врз основа на обврската од член 71а од Колективниот договор на ЈРП МРТ бр.01-4175/7 од 31.07.2019 година односно член 5 од Колективниот договор за измени и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ бр.01-6034/2 од 16.09.2022 година (бр.196/2022 од 16.09.2022 година), Одделението за правни и нормативни работи на ЈРП Македонска Радиотелевизија изработи Предлог текст на Правилник за условите, начинот и критериумите за остварување на правото на месечен надоместок на вработени во ЈРП МРТ кои имаат деца со телесна или психичка попреченост.
Со Правилникот се пропишани поблиските услови, начинот и критериумите за остварување на правото на месечен надоместок на вработени во ЈРП МРТ кои имаат деца со телесна или психичка попреченост.
Во текстот на Правилникот е предвидено кои вработени ќе можат да го остварат ова право на месечен надоместок, утврдени се видовите на попречености на децата за кои ќе следува правото на месечен надоместок согласно Законот за заштита на децата, како и потребната документација која треба да ја приложат за остварување на правото на овој месечен надоместок.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Правилникот за условите, начинот и критериумите за остварување на правото на месечен надоместок на вработени во ЈРП МРТ кои имаат деца со телесна или психичка попреченост без забелешки.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Правилникот за условите, начинот и критериумите за остварување на правото на месечен надоместок на вработени во ЈРП МРТ кои имаат деца со телесна или психичка попреченост.

■**Правилникот за условите, начинот и критериумите за остварување на правото на месечен надоместок на вработени во ЈРП МРТ кои имаат деца со телесна или психичка попреченост** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за условите,начинот и критериумите за остварување на правото на месечен надоместок на вработени во ЈРП МРТ кои имаат деца со телесна или психичка попреченост **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ.**

Воведно излагање по оваа точка имаше Иле Тримчески од Одделението за човечки расурси кој објасни дека со Предлог Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ предвидени се измени и дополнувања на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ бр.01.2083/3 од 24.04.2022 година во насока на имплементација на Петгодишната стратегија за развој на ЈРП МРТ во делот на Организациската стратегија и реформи на менаџментот, со цел за подобрување и поголема ефикасност и ефективност во реализацијата на работните цели и задачи.
Имено,со Предлог Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ предвидени се следните измени и дополнувања:
Во ракмите на Прграмската единица Македонска телевизија со предложените измени предвидено е Одделението за план, Одделението за евиденција, статистика и истражување на програмите, како и Одделението за документација, да се избришат.
Исто така, во рамките на Програмската единица Македонска телевизија во Секторот за ТВ продукција по точката 1.7 Одделението за графички дизајн и промоција на програмата предвидено е да се додаде нова точка 1.8 Одделение за план, чиј делокруг на работа е најтесно поврзан со работата на Секторот за ТВ продукција и поради тоа е предвидено да биде составен дел на секторот.
Во програмската единица Македонска телевизија по точката 3 Дописничка мреже предвидено е да се додаде на нова точка 4 Сектор за документација, анализа и истражување, кој ќе биде составен од две одделениеја и тоа :
4.1 Одделение за евиденција, статистика и истражување и
4.2 Одделение за документација.

Додека пак во делот на организациониот облик Заеднички функции предвидено е од точката 1. Сектор за правни работи и човечки ресурси, кој својот делокруг на работа го извршуваше преку четири одделенија (одделнеие за правни и нормативни работи, одделение за човечки ресурси, одделение за стручна и техничка поддршка на работата на Програмскиот совет на МРТ и Надзорниот одбор на МРТ и одделението за архива), да произлезат два нови сектори – Сектор за правни работи и Сектор за управување со човечки ресурси.
Во Организациониот облик Заеднички функции се додава нова точка 1а.Сектор за правни работи е предвидено работите од својот делокруг да ги врши преку следните одделенија:
1а.1 Одделение за нормативно-правни работи,
1а.2 Оделение за стручна и админситративно-техничка поддршка на работатана на ПС и НО на МРТ и
1а.3 Одделение за архивско работење.
По точката 1а, предивено е да се додаде нова точка 1б Секторот за управување со човечки ресурси пак работите од својот делокруг ги врши преку следните одделенија:
1б.1 Одделение за оценување и кадровска евиденција и
1б.2 Одделение за едукација, стручно оспособување и вработување.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ без забелешки.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ.

■**Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА4:**Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.**
Иле Тримчески од Одделението за човечки расурси објасни дека како резултат на Правнилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ од аспект на исполнување и имплементација на Петгодишната стратегија за развој на ЈРП МРТ во делот на Организациската стратегија и реформи на менаџментот, со цел за подобрување и поголема ефикасност и ефективност во реализацијата на работните цели и задачи, но и корекции во делот на забелешките од страна на Државниот завод за ревизија во делот на образованието направени се корекции и дополнувања на правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ бр.01-2083-4 од 24.04.2020 година.
Иле информираше дека со предвидената измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на МРТ, од која пак произлегува и измената и дополнувањето на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ нема промена во вкупниот број на систематизирани работни места и тој изнесува вкупно 1224 работни места.
Првата измена се однесува на корекција на видот на образованието кај работното место под реден број 1 согласно забелешките од ДЗР, имено се прилагодува видот на образование со веќе стекнатото образование на вработено лице во ЈРП МРТ.
Втората измена на Правилникот за систематизација е направена врз основа на потребите на одделнијата и редакциите, при што во Одделение за поддршка, кај работното место под реден број 10 е предвидено дополнително уште еден извршител за работното место референт 1 во наведеното одделение, исто како и во музичка редакција – во вториот програмски сервис на Македонското радио кај работното место под реден број 129 е предвиден уште еден извршител за работното место новинар 1 и во МРА 4 во редакцијата на ромски јазик предвиден е дополнително уште еден извршител за работното место под реден број 221 односно новинар 3.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ без забелешки.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.
■**Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА5:**Информација за исплата на регрес за годишен одмор.**
Снежана Јовановска од Одделението за човечки ресурси МРТ пред присутните достави на разгледување Предлог Одлука за исплата на регрес за 2022г.
Исто така информираше дека согласно последната обајава на Државниот завод за статистика број 4.1.22.95 на ден 21.10.2022г за период од 21.10.2022г до 22.11.2022 2022г нето износот на кој се пресметува данокот на личен доход по стапка од 11,1111%, е  12.740 ден по лице кое ги исполнува условите согласно закон.

Вкупните средства што треба да ги исплати ЈРП МРТ се 9.767.332 ден со вклучен данок.Средствата се планирани во финансикиот план за 2022 година.

**ТОЧКА6:Разно.**
По однос на оваа точка заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија го предложи следниов Заклучок:
Програмскиот совет на МРТ е информиран дека во Собранието на РСМ во моментов се менува Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кој се предвидува намалување на годишниот буџет на Македонската радио телевизија (МРТ).
Овие измени се носат по скратена постапка, на нетранспарентен начин и без вклученост на претставници на МРТ како и на новинарската заедница.
Измените предвидуваат средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и АВМУ кои се обезбедуваат од Буџетот на државата во висина од 1% да се намалат на 0.9% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година. Ова значи дека средства во висина од околу пет милиони евра наместо за развој на јавна радиодифузна дејност ќе се прелеат на сметка на приватните телевизии и радија за таканаречени кампањи од јавен интерес за теми за кои ќе решаваат пратеници од владејачките и опозициските партии.
Овој модел е на штета на МРТ и дополнително ја загрозува и така кревката финансиска состојба во која јавниот радиодифузер опстојува.
Потсетуваме дека Советот на Европа и ЕБУ во своите препораки ја афирмира виталната улога на јавните радиодифузни сервиси како суштински фактор за плурализам во медиумите, преку обезбедување на сеопфатна програма што содржи информации, едукација, култура и забава за граѓаните.
Дополнително, Советот во истата препорака предупредува дека јавниот сервис не може да биде важен извор на точни, навремени и плурални информации ако не биде независен од разни политички и економски влијанија. Еден од важните предуслови МРТ да има политичка независност е да има стабилно и доволно финансирање преку кое ќе биде во можност да ги исполнува своите законски обврски во интерес на јавноста
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател